**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-50/8**

**Скопје, 07.03.2006 година**

**ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Градската библиотека Браќа Миладиновци – средства од буџетот на РМ, за 2004 година, кои се прикажани на страните 4, 5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема вршено ревизија, ниту има издадено било каков извештај за финансиските извештаи на Градската библиотека Браќа Миладиновци – средства од буџетот на РМ, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Милован Стефановски, директор во периодот од 09.12.2002 година до 03.10.2005 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 12.01.2006 до 12.02.2006 година , од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Танка Блажевска, Помошник на главниот државен ревизор;
   - Јадранка Бошкоска, Самостоен ревизор;
   - Љубица Тошевска, Самостоен ревизор;
   - Марина Величковска, Ревизор за легислатива и
   - Сашко Геразов, Ревизор

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 27.02.2006 година со писмо број 1104 50/7 примени се забелешки по Претходниот извештај на овластениот државен ревизор од страна на г-дин Милован Стефановски, директор на Градската библиотека Браќа Миладиновци – Скопје, во годината која е предмет на ревизија. Истите се разгледани и е констатирано следното:

    - Забелешката по точката 10.2.1. не се прифаќа, бидејќи законска обврска на секој буџетски корисник и единка корисник е да води сметководствена евиденција на стварите што преставуваат државна сопственост.

    - Забелешката по точката 10.3.1. не се прифаќа, бидејќи вработувањето на лица по договор за дело, за извршување на редовни работни задачи за потребите на библиотеката е спротивно на законските прописи наведени во наодот.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Неправилна примена на акти

11.1.1. Спротивно на Упатството за начинот и техниката на постапување со документарниот материјал и архивската граѓа во канцеларискотo и архивското работење, на влезните фактури при нивниот прием не се става приемен штембил што има за последица немање на увид за датумот на приемот на фактурите а со тоа и на обврските што произлегуваат за плаќање на истите, губење на евиденција за нивната хронологија на пристигнување, доказ при водење на судски спорови и слично.

**Препораки и мерки**

1. Овластеното лице во архивата да постапува согласно Упатството за начинот

и техниката на постапување со документарниот материјал.

### 11.2. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба

11.2.1. Библиотеката не извршила попис согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, односно не го испочитувала принципот на усогласување на сметководствената со фактичката состојба по попис. Библиотеката нема сметководствена евиденција на опремата добиена по основ на донации од минати години и на уметничките слики ( 59 ) од познати уметници чија вредност не е проценета, а се изложени во просториите на библиотеката. Поради ова ревизијата изразува сомневање во реалноста и објективноста на искажаната вредност на материјалните средства и изворите на деловни средства во Билансот на состојба.

**Препораки и мерки**

1. Библиотеката да изврши попис согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, да изврши усогласување на фактичката со сметководствената состојба и да изврши проценка на вредноста на средствата кои не се евидентирани и да обезбеди физичка заштита на истите.

### 11.3. Ненаменско и незаконско користење на средствата

11.3.1. Ревизијата констатира дека преку буџетската сметка, библиотеката исплатила 289 илјади денари по основ на договори за дело на три лица кои во континуитет од 2004 година извршувааат редовни работни задачи за потребите на библиотеката и за кои Министерството за култура има дадено согласност за ангажирање на надворешни соработници. Лицата работат во континуитет на работни задачи кои не спаѓаат во стручна односно уметничка работа што е спротивно на членот 75 од Законот за култура и не е во согласност со Законот за работни односи и Законот за облигациони односи.

**Препораки и мерки**

1. Директорот на библиотеката да ја преиспита потребата од ангажирања на лица по договор за дело и доколку се оцени дека нивното ангажирање е неопходно да се испита можноста за нивно редовно вработување или да се престане со воспоставената пракса на исплата на лица по договор за дело спротивна на законските прописи во РМ.

12. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Градската библиотека Браќа Миладиновци – средства од буџетот на РМ, под 31 Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај Градската Библиотека – Браќа Миладиновци – средства од буџетот на РМ остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311* ---------------------------------------

14. Ревизијата има обврска да укаже дека кај институциите кои извршуваат дејност од областа на културата отпочнат е процес на децентрализација со превземање на основачките права со кој Библиотеката Браќа Миладиновци е превземена од страна на Градот Скопје, како нејзин основач. До денот на ревизијата се уште не беше формиран нов Управен одбор во чија надлежност е донесувањето на основачките акти и спроведување на постапката за избор на директор согласно законските прописи, заради што е доведено во прашање нормалното функционирање на Библиотеката.

15. Ревизијата има обврска да обелодени дека со Решение на Градоначалникот на град Скопје, на 3-ти октомври 2005 година, за вршител на должноста директор на Библиотеката е именуван Филип Петровски, професор по филозофија кој не е од редот на вработените во Библиотеката, спротивно на Законот за библиотеките. До денот на завршување на ревизијата, за именувааниот директор не е добиена согласност и средства од Министерството за финансии за исплата на плата за 2006 година.

16. **Прифатени и корегирани неправилности од страна на Библиотеката во текот на ревизијата**

    16.1.1. Во периодот на вршење на ревизијата, на предлог на ревизијата Библиотеката изврши корекција во Билансот на состојбата во налог број 27, со која розициите: постојаните средства и изворите на деловни средства се зголемија во вкупен износ од 70 илјади денари, за новонабавен информатички систем во 2004 кој не е сметководствено евидентиран .

**Скопје, 06.03.2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Танка Блажевска**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 28,347 | 27,334 |
| **Вкупно приходи** | | **28,347** | **27,334** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 22,000 | 22,157 |
| Стоки и други услуги | 3.2.2. | 4,260 | 2,892 |
| Тековни трансфери | 3.2.3. | 1,993 | 2,139 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **28,253** | **27,188** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.3.1. | 94 | 146 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **94** | **146** |
| **Вкупно расходи** | | **28,347** | **27,334** |


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*
*Овластен Државен ревизор*
---------------------------------------

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31. ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 2,170 | 3,043 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2,170** | **3,043** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 5,418 | 5,418 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 67,915 | 67,261 |
| **Вкупно постојани средства** | | **73,333** | **72,679** |
| **Вкупна актива** | | **75,503** | **75,722** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 664 | 1,469 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 1,506 | 1,574 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2,170** | **3,043** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 73,333 | 72,679 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **73,333** | **72,679** |
| **Вкупна пасива** | | **75,503** | **75,722** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **72,679** |
| **Зголемување по основ на:** | **1,408** |
| Набавки | 1,408 |
| Ревалоризација на капитални средства | - |
| **Намалување по основ на:** | **754** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | |
| Амортизација | 754 |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **73,333** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------